

## Потпретседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Владо Мисајловски за време на денешната посета на Куманово се осврна на дописот од Бојан Маричиќ за да не се употребува македонски, Република Македонија.

„Тој министер што мисли дека потпишал некој допис да излезе во јавноста и да каже што сакал да каже, бидејќи она што го прочитавме е срамно. Мене никој нема да ми забрани да го користам зборот Македонија, ќе го користам постојано зборот Македонија, ќе го кажувам она што го чувствувам во срцето, а тоа е една земја за мене, тоа е Република Македонија. Дали тоа се однесувало за трговијата, дали за претпријатија или слично, кој е тој министер, која е оваа влада да ни забрани да си го кажуваме она со кое се гордееме, а тоа е зборот Македонија“, рече.



Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за бесплатна правна помош и политички систем

Воедно, термините "Македонија"," Република Македонија","ПЈР Македонија",кратенка "ПЈРМ", во преведена или непреведена форма не смеат да се употребуваат во целокупна внатрешна и надворешна официјална комуникација од сите.

Со оглед на горе изнесеното , се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА:Против ова решение странката може да поведе управен спор пр Управниот суд во рок од 30 дена од денот на прием на решението.

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
м-р Бојан Маричиќ